РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

# Државен квиз натпревар: „Колку го познаваш сообраќајот“ – Кичево 2009

На 06 и 07 февруари 2009 година во организација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се одржа Државниот квиз натпревар „Колку го познаваш сообраќајот“.

Државниот квиз натпревар оваа година се одржа во Кичево, а учествуваа 12 екипи од три члена и ментор одговорен за подготовката на децата. Учениците веќе се натпреваруваа на училишни, потоа на општински и на регионални натпревари. Победниците од регионалните натпревари кои се натпреваруваа на Државниот квиз натпревар беа од следните осум региони од цела Македонија:




Тетовски Регион: 2 екипи

Охридски регион: 1 екипа

Битолски Регион: 2 екипи

Скопски Регион: 3 екипи

Велешки регион: 1 екипа

Кумановскји Регион: 1 екипа

Штипски регион: 1 екипа

Струмички Регион: 1 екипа



Членовите на екипата на ОУ „Гоце Делчев“ од Кавадарци го освоија првото место на квиз натпреварот „Колку го познаваш сообраќајот?“.

Во финалето на натпреварот учествуваа четири екипи, а победникот беше решен по дополнителните прашања,

откако во регуларниот дел од квизот ОУ „Гоце Делчев“ од Кавадарци имаше ист број поени со учениците од ОУ „Петар П.Његош“ од Скопје.

Третопласирана е екипата од ОУ „Рајко Жинзифов“ од Скопје, а четврта од ОУ „Диматар Поп Георгиев Беровски“, исто така од Скопје.

- Задоволни сме од нивното одлично познавање на сообраќајните правила и прописи. Тоа е главен предуслов да направиме од нив безбедни учесници во сообраќајот и што помал број на сообраќајни незгоди, рече Тони Петрески, член на РСБСП и претседател на Комисијата за сообраќајно - техничко образование и воспитание на децата и младите.

На Државниот квиз натпревар продолжи и соработката помеѓу РСБСП и ВИП операторот која започна во септември минатата година со акцијата “Да ги заштитме децата во сообраќајот”. Во оваа прилика Вип оператор на првонаградените им додели припејд пакети, како и пригодни подароци за освоено второ и трето место и тоа: за I место – препејд пакет со телефон Водафоне СГМ 231, ранец, блок А4, тетратки, пенкало, баскет, капче, подлога за маус и шарена врвка, За II и III место – СИМ картичка, ранец, блок А4, тетратки, пенкало, баскет, капче, подлога за маус и шарена врвка, За менторите - СИМ картичка, кожна врвка, бришач за стакло, подлога за маус, капче, тефтер и пенкало, и држач за визит карти.



Целта на квиз натпреварот е сообраќајна едукација на најмладите ученици заради подобрување на нивната безбедност во сообраќајот. РСБСП во иднина планира во квизот да ги вклучи и учениците од средните училишта.